## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 36-а став 10 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ, СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

### Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стопански риболов, содржината на програмата за полагање на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 181/18) во членот 3 во точката 2 зборовите “Република Македонија” се заменуваат со зборовите “Република Северна Македонија.”

### Член 2

Во членот 4 ставот 2 се менува и гласи:
“Уверението за положен испит за стопански риболов содржи: грб на Република Северна Македонија, Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Уверение за положен испит за стопански риболов, Му – и се издава уверение за положен испит за стопански риболов, име и презиме, датум и место на раѓање и место на живеење, архивски број на уверението и датум на издавање, место за печат и место за потпис на овластено лице.”

### Член 3

Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 33-9235/4
8 октомври 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# У В Е Р Е Н И Е

## ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ

Му – и се издава уверение за положен испит за стопански риболов

На лицето _______________________________________________

Роден на _____________________ во _________________________

Место на живеење ______________________________________

Број ____________________ Овластено лице

_________________ година М.П.

Скопје

___________________________